# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2020

*Сабота, 3 октомври 2020 година*

## ДУХОВНИ СПАСУВАЊА
### Јован 4,1-10

Таа била спасена двапати. Двапати, двајца потполни странци, донеле одлука да ја спасат и тоа во рок од два дена. Не е лошо, зар не? Нејзиното име е Кели Мур, што вам не ви значи ништо. Не ја познавате Кели Мур, но можеби сте слушнале нешто од тоа што се случило тој ден кога таа била за прв пат спасена. Кели Мур била стјуардеса за Ер Флорида. Авионот со кој летала бил Боинг 737. Поточно, станува збор за лет на Ер Флорида.

На 13 јануари 1982 година, Кели Мур го започнала денот како и секогаш, дури и не ни помислувала што ќе ѝ се случи. Две минути по полетувањето, авионот почнал да ја губи висината и удрил во мостот на реката Потомак. Кога се освестила, Кели била во ледено студените води на реката Потомак, држејќи се за делче од урнатиот авион, заедно со уште петмина преживеани.

Дали сте чуле за овој настан?

Еден од преживеаните што се држел до тоа делче од авионот, му ѝ помогнал на Кели и на другите да влезат во мрежата фрлена од хеликоптерот, еден по еден, пред самиот да подлегне на хипотермијата и да се лизне под површината на водата. Така била спасена за прв пат, од човек што никогаш не го сретнала, а кој подоцна бил идентификуван како Арланд Вилијамс.

Два дена подоцна, Кели повторно била спасена. Слушнете ги нејзините зборови:

„Неколку дена подоцна, кога бев префрлена од интензивна нега во редовната болничка соба, се разбудив и ви-

дов како една медицинска сестра стои над мене. Таа се насмевна, ги покри моите прсти со нејзината топла, нежна рака и ми рече: ‘Дете, би можела да влезам во голема неволја затоа што ти го кажувам ова, но Бог те сака и те спаси од таа несреќа со причина.“ Охрабрена од мојот голем интерес, медицинската сестра ја ризикуваше својата работа да ми кажува за Исусовата љубов. Додека ми зборуваше за тоа како Тој умрел за мене, јас му го предадов мојот живот. За прв пат во животот почувствував вистински мир. Кога се молев да го прифатам Христа, го замолив Бога да ми покаже како можам да научам повеќе за Него. Знаев дека ќе ми одговори“.

Во период од два дена ја спасиле двајца потполни туѓинци. Зошто? Кои квалитети ги споделил Вилијамс со другите херои за коишто читаме во весниците, знаете, оние кои спасуваат деца од запалени згради, возачи од уништени автомобили, нуркачи во ледена вода за да ги спасат оние што тонат? Па, сите тие се обични луѓе кои достигнале важна пресвртна точка и донеле извонредна одлука да спасат некој друг чиј живот е во опасност. И главно, тие се ставаат и себеси во опасност додека го прават тоа. Слушнете што друго вели Кели Мур:

„Не знам зошто Бог ме спаси од реката Потомник тој ден кога другите умреа, или зошто одговори на мојата очајна молитва да се поврзам со Него. Но, знам дека Бог користеше сочувствителни, обични луѓе за да ми ја донесат Неговата љубов кога очајно ми требаше. Во Неговата бесконечна милост, Тој ме спаси, не еднаш, туку двапати“.

Исто така, треба да разбереме дека околу нас постои буквална борба, борба за живот или смрт секој ден. Знаете дека некои луѓе во вашето соседство, во вашето семејство, на вашето работно место или во вашата класа се

во опасност да доживеат вечна смрт, и тие веројатно дури и не сфаќаат дека им е потребно избавување.

Скоро секој ден, ако сме отворени за водството на Духот, доаѓаме до евангелските пресвртни точки. Ние донесуваме одлуки дали да им помогнеме и да ги избавиме душите од духовна смрт или да одиме по некој друг пат.

Исус се соочил со такви пресвртни точки. Еден извештај од неговиот живот илустрира области во нашиот живот на кои треба да обрнеме внимание. Јован го запишал ова во своето Евангелие, во четвртата глава, 1-4 стих: „Кога разбра Исус дека фарисеите чуле дека Тој придобива повеќе ученици отколку Јован и крштаваше, макар што Самиот Исус не крштаваше, туку учениците Негови, ја напушти Јудеја и отиде пак во Галилеја. Требаше да мине преку Самарија“.

Тоа било во раниот период од Христовата служба, кога Христос го привлекол вниманието на верските водачи. Бидејќи не сакал да дојде во судир со нив, Исус се вратил во Галилеја. Забележете во 4. стих дека Тој морал да помине низ Самарија. Ако погледнете некоја библиска карта, ќе видите дека патот преку Самарија бил најблизок до Галилеја, и можеби ќе помислите „Се разбира, тој поминал низ Самарија, тоа бил најблискиот пат.“ Точно, но повеќето Евреи не патувале на тој начин од Јудеја до Галилеја. Зошто? Затоа што таму живееле Самарјаните и поради културното, етничкото, верското и политичкото непријателство меѓу Евреите и Самарјаните. Затоа Евреите и Самарјаните се држеле на растојание едни од други, иако тоа значело заобиколување на Самарија во широк лак. Дури и денес луѓето избегнуваат да минуваат низ некои населби каде што живеат луѓе кои се различни од нив.

Но, Исус решил да патува низ Самарија. Библијата вели дека „Требаше“ да оди, тој морал да оди по тој пат, не од практични причини, туку од духовни. Првото нешто што го гледаме од постапките на Исус е...

**1. За духовно да избавиме некоја душа, мораме да одиме каде што таа се наоѓа.**

Ајде да се соочиме. Мнозинството од нас повеќе би сакале да не бидат со оние што не се христијани. На крајот на краиштата, многу е подобро да се дружиме со христијани отколку со неверници. Обожаваме ист Бог, зборуваме на ист јазик. Ние не користиме зборови што ќе предизвикаат другите да црвенеат, ниту се изложуваме едни со други на опасностите од пушење и пиење. И затоа, претпочитаме да бидеме во пријатно и удобно христијанско друштво. Но, Исус имал урамнотежен живот. Од една страна, тој имал огромна и сериозна служба, желба да го освои светот. Од друга страна, тој исто така имал и служба во мало, што значело дека одвојувал време да се запознае и спријатели со изгубените луѓе, честопати тоа правејќи го сам. Ако сакаме духовно да избавиме некои изгубени луѓе, тогаш најпрво мора да ги запознаеме. Дали имате некои луѓе кои ви биле пријатели пред да се обратите? Многу од нив се искрени.

Не зборувам за тоа дека луѓето треба да станат наши проекти. Луѓето знаат дали се важни за нас или ние само бараме уште една цртка што ќе ја врежеме на нашата црковна врата.

Исус бил толку поврзан и се дружел со необратени луѓе што тие го нарекувале пријател на грешниците. Претпоставувам дека поминало доста долго време откако некој помислил за нас дека сме пријатели на грешниците.

Да продолжиме со приказната. Јован 4,6-9: „Таму беше изворот на Јаков. И Исус, изморен од патот, седна покрај изворот; а беше околу шестиот час. Дојде една жена од Самарија, за да полни вода. Исус и рече: 'Дај Ми да пијам!' А учениците Негови беа отишле во градот да купат храна. Жената Самарјанка Му рече: 'Како Ти, Јудеец, бараш од мене, жена Самарјанка, да пиеш?' Зашто Јудејците со Самарјаните не се мешаат."

**2. За да можеме некоја душа духовно да ја избавиме, треба да изградиме мост**

Со други зборови, не можеме само да пристапиме некому и да му кажеме:

„Еј, дали ја чу добрата вест, ќе умреш.“ Исус почнал да гради мост и тоа го сторил со четири збора. Можеби нам ни се чини дека потрагата по вода не е најуспешен почеток, но кога ќе ја ставите во културен контекст, тоа едноставно барање било мошне силно. На самиот почеток на разговорот, Исус урнал ѕид сличен на Берлинскиот.

Наместо да не обрнува внимание на неа, Исус употребил четири добро избрани зборови за да ѝ покаже дека ја прифаќа. Тој ја отворил вратата за разговор, за да ѝ покаже дека таа е важна за него како личност. И успеал. Можете да видите дека таа е крајно изненаде што Исус воопшто побарал од неа да му даде вода.

Постојат многу вакви евангелски пресвртни точки во нашиот живот и ние донесуваме одлука дали да одиме низ отворената врата или едноставно да продолжиме по нашиот пат. Додека одиме по улица, можеме да застанеме и да запознаеме нов сосед кој го мие автомобилот, или можеме да продолжиме да одиме. Можеме да одвоиме пет минути и да се запознаеме со работникот на хемиско чистење или можеме да си побрзаме дома. Можеме да поканиме соработник на ручек или да јадеме со пријателите христијани.

Колку пати знаеме да побрзаме покрај ваквите можности да се сретнеме со необратените?

Градењето на овие мостови во меѓусебните односи не е многу тешко, особено ако го знаете клучот: да ги слушате другите луѓе. Тоа значи искрена заинтересираност за нив и поставување прашања, откривање за нивниот свет. Тоа е изразување

на искрена љубопитност за нивната животна ситуација.

Кога го правите тоа, сигурно ќе најдете нешто за што сте заеднички заинтересирани и што можете да го искористите за да го продлабочите вашето познанство, а во исто време да го правите она што Исус го направил тој ден на бунарот, да утврдите нечија вредност и достоинство со тоа што ќе одвоите време вистински да се поврзете со нив. Постои ли некој во вашиот живот кон кого можете да изградите ваков мост? Можеби станува збор за личност која штотуку се приклучила на вашата компанија и се чувствува како да не припаѓаат таму. Или тоа е можеби некој на спортско игралиште, или некој со кој одите на училиште.

Што се однесува до Исуса, тој имал намера да изгради кратко пријателство со жената кај бунарот, но не бил задоволен од тоа само да поразговара. Да видиме што се случило понатаму.

Јован 4,9,10: „Жената Самарјанка Му рече: 'Како Ти, Јудеец, бараш од мене, жена Самарјанка, да пиеш?' Зашто Јудејците со Самарјаните не се мешаат. Исус и одговори и рече: 'Кога би го знаела дарот Божји и Кој е Овој што ти вели: ‚Дај Ми да пијам' - ти самата би побарала од Него и Тој би ти дал жива вода.'"

Јован 4,25.26: „Жената му рече: „Жената Му рече: 'Знам дека ќе дојде Месија, наречен Христос; кога ќе дојде Тој, сè ќе ни каже.' А Исус и рече: 'Јас сум, Кој зборува со тебе.'"

Исус дошол до третата точка на пресвртницата, кога морал да донесе одлука во дел од секундата. Таа одлука била критична. Исус избрал да го сврти разговорот кон духовните работи затоа што знаел...

**3. За да можеме некого духовно да го избавиме, мораме да го доведеме на безбедно**

Од императивна важност е да изградиме поврзаност за да донесеме некого кај Господа, и потоа мораме постепено да започнеме да зборуваме за духовни теми. Исус донел свесна одлука разговарот да го сврти кон духовни води. Можел само да се напие вода и да заврши со разговорот со помислата: „Па, таа ќе го види мојот начин на живот." Но, Исус одлучил да преземе иницијатива и да зборува за повозвишени работи. Забележете дека Тој не користел никаква тешка теологија или доктрина. Тие до тогаш зборувале за водата, па тој ја употребил „живата вода" како аналогија за Бога.

Тој ја допрел нејзината љубопитност и ѝ ги открил пораките со таква брзина што таа можела да ги прифати. Ова е местото каде обично се плеткаме. Не сме баш сигурни како да го свртиме разговорот кон духовни теми. Повторно, клучот е во слушањето. Кога ја слушаме, ѝ обрнуваме внимание и ја запознаваме личноста, ќе се појави природно отворање. Тие ќе ви кажат дека децата ги полудуваат, па ќе можете да кажете: „Знам како е, и мене моите знаат да ме полудат", или можете да донесете одлука за дел од секундата и да кажете:

„Знаете, јас немам деца, но знам дека децата се голема одговорност и многу сум изненаден од она што го кажува Библијата за воспитувањето на деца." Вратата се отвора, а можеби во тој момент можете да продолжите и да понудите христијанска книга за воспитување на децата.

Отворените можности ќе се појават ако сме подготвени да ги забележиме и да ги користиме. Кога тие одлуки ќе дојдат во дел од секундата, длабоко вдишете, верувајте во Бога и тргнете по духовниот пат.

Кога Исус ги отворил вратите на царството во разговорот со жената, тој дошол до четвртата точка на пресвртницата. Јован 4,16-19: „Исус и рече: 'Оди, повикај го твојот маж и дојди тука!' Жената одговори и Му рече: „Немам маж." Исус и рече:

‘Право кажа дека немаш маж; зашто петмина мажи си имала и овој, што го имаш сега, не ти е маж; право рече.’ Жената Му одговори: ‚Господи, гледам дека си Ти пророк!‘“

До оваа точка, жената изгледала заинтересирана за она што го зборувал Исус, но можеби била малку скептична и сметала дека тој е малку чуден и зборува за жива вода. Можеби таа не го сфатила сериозно. И тука Исус доаѓа до пресвртната точка и решил да изнесе доказ што ќе ја поддржи неговата веродостојност.

**4. За да избавите некого духовно, тој или таа треба да имаат доверба во нивниот избавител**

Луѓето не сакаат да излезат од тавата во огнот, ако треба да се спасат, туку тие сакаат да бидат сигурни дека ќе им понудите подобра варијанта од онаа во која биле досега. Тие сакаат да бидат сигурни дека лекот не е полош од болеста.

Луѓето не очекуваат да бидеме експерти за Библијата или за апологетика, но тие сакаат да видат дека Исус направил промена во вашиот живот и сакаат да знаат како се случило тоа. Многу пати е кажано, но сепак тоа е вистина како и првиот пат: „Можеби вие ќе бидете единствената Библија што луѓето ќе ја читаат!“

Луѓето ќе сакаат да видат што значи духовното избавување и треба тоа да го видат во твојот живот. Ако она што го правите и начинот на кој живеете не се разликува од останатите во светот, тогаш какво е ползата?

Ако луѓето мислат дека Христос не направил промена во вашиот живот, тогаш тие се сигурни дека тоа нема да го сторат ниту во нивниот. Но, кога ќе ја видат разликата и како вашиот живот се сменил на подобро, бидете подготвени, затоа што апостол Петар во 1. Петрово 3,15 вели: „Туку Господ Бог почитувајте Го во срцата свои; а бидете секогаш подготвени

со кротост и страхопочит за одговор на секого кој од вас ќе побара сметка за вашата надеж“.

Конечната точка во пресвртница во приказната доаѓа кога Исус понудил доказ дека тој е Месија, а тоа се гледа во одговорот на жената: Јован 4,28-30:

„А жената ја остави својата стомна и отиде в град и им рече на луѓето: ‘Дојдете, видете Го човекот Кој ми кажа сѐ што сум направила. Да не е Тој Христос?’ Тогаш тие излегоа од градот и тргнаа кон Него“.

Жената Самарјанка ја донела својата одлука толку брзо што ги оставила драгоцените бокали со вода што ги носела од градот и истрчала во градот за да ги покани луѓето да дојдат и самите да го слушнат Исуса.

Оваа жена, по средбата со Исуса, донела мноштво духовно изгубени луѓе. Што ни кажува тоа?

**5. Оние што биле избавени, ја разбираат итноста да работат на тоа да се спасат и другите**

Можете ли да се сетите како се чувствувавте кога за прв пат му го предадовте својот живот на Исуса? Колку бевте восхитени? Колку сакавте да им кажете на другите?

Како е сега? Дали сѐ уште ја имате таа итност? Дали велите: „Јас познавам луѓе кои треба да го доживеат истото што го доживеав и јас! Тие едноставно мора да дознаат за Исуса! Времето истекува!“ Или, најголемиот изговор ви е: „Нема да успее, тие ќе ме одбијат или ќе ги избркам.“ Во својата книга „Војна и мир“, Лав Толстој вели: „Ние сме изгубени затоа што самите на себе си велиме дека сме изгубени.“ Немојте себеси да си кажувате дека нема да успеете. Наместо тоа, потпрете се на силата на Светиот Дух.

Добрата вест гласи дека ќе има многу луѓе на Небото на кои на некој начин сме им помогнале да стигнат таму. Лоша-

та вест е дека ќе има луѓе во пеколот на кои сте можеле да им помогнете да се избават, ако само сте ја искористеле можноста. Евангелието за Исуса Христа нема просечна важност. Таа има најголема важност. Што вам лично ви значи евангелието за Исуса Христа? Дали желбата да го проповедате тука и ширум светот воопшто не е важна или е од најголема важност? Само вие можете да одговорите на тоа.

*Сабота, 7 ноември 2020*

## ПРИЈАТЕЛСТВО - КАКО?
## Матеј 7,7.8

**Вовед**

Често имаме часови по математика, странски јазик, граматика, историја итн. Постојат часови за сè што сакате. Можеме да ги наречеме практични часови затоа што тие нè учат на основите и начините на кои можеме да постигнеме нешто. Еве еден пример за она што јас би го нарекол практичен атеизам.

**Илустрација:** Една млада учителка, со очигледни литературни склоности, на своето одделние, кое се состоело од помали деца, им објаснила на часот дека е атеист. Таа ги прашала децата дали и тие се атеисти. Иако тие навистина не знаеле што е атеизам, но бидејќи сакале да бидат како нивната учителка, скоро сите ги подигнале своите раце. Сепак, имало еден исклучок. Едно слатко девојче по име Луси не се согласило со толпата. Учителката ја прашала зошто одлучила да биде поинаква. „Бидејќи не сум атеист“, одговорило девојчето.

Учителката прашала: „Па, тогаш што си ти?” Луси одговорила: „Јас сум христијанка.“ Учителката малку се изнервирала и ја прашала Луси зошто е христијанка.

„Па, јас пораснав познавајќи го Исус. Мајка ми е христијанка, татко ми е христијанин, а јас сум христијанка“.

Учителката сега почнувала да се лути. Таа рекла: „Тоа не е причина да се биде христијанин. Што ако мајка ти беше заостанатади, а татко ти да беше заостанат? Што би била ти тогаш?“ злобно се насмевнала, мислејќи дека ја посрамотила девојката. „Тогаш“, рече Луси, „тогаш ќе бев атеист.“ Атеизмот нема никаква смисла. Ѕвездената вселена, флората и фауната, човечкото тело, новороденото бебе, сето ова и многу повеќе гласно и јасно извикува: постои сезнаен Создател кој се вика Бог!

Во Римјаните 1,19 се вели: „Па така, она, кое може да се знае за Бога, ним им е откриено, бидејќи Бог тоа им го открил.“ Вие не можете да бидете појасни од создавањето! Атеизмот навистина нема смисла.

На сите ни треба образование во животот. Не мора да знаеме сè, но треба да знаеме некои работи.

**Илустрација:** Не би можел да направам куќа за кучиња, па дури и мојот живот да зависи од тоа. За среќа, тоа не е важно. Немам куче и не планирам да набавам, иако немам ништо против кучињата. Сепак, можам да составам пристојна проповед која ќе им користи на луѓето. Тоа е важно за мене.

Сите ние треба да учиме што е важно во животот, она што ќе биде благослов за другите, затоа што така Бог ни вели: да се сакаме, да си помагаме едни на други, да се зајакнуваме. Јован 13,34: „Нова заповед ви давам: да се љубите еден со друг; како Јас што ве возљубив, така и вие да се љубите еден со друг.“ Галатјаните 5,13: „Вие, браќа, повикани сте кон слобода; но слободата ваша да не ви служи како повод за угодување на телото, туку со љубов служете си еден на друг.“ Галатјаните 6,2: „Поднесувајте го товарот еден на друг и исполнувајте го така законот Христов“.

**Илустрација:** Некој рекол: „Кога луѓето си служат едни на други, животот веќе не е бесмислен". Служењето му дава смисла на животот.

Звучи слично како Исус кој дошол да ги пронајде и спаси изгубените. Неговиот живот бил далеку од безначаен. Живеел за луѓето, а така треба да живееме и ние.

Затоа денес зборуваме за пријателство: барање луѓе и нивно насочување кон Христа, кој може да ги спаси од гревот.

Оваа проповед би сакал да ја наречам „Практично пријателство: основното планирање на мисионската работа и пријателството со другите".

1. Ние мора да се молиме и да веруваме
2. Мора да ги наоѓаме и да ги донесуваме
3. Мора да се спријателуваме и да слушаме

**1. Ние мора да се молиме и да веруваме**

**Илустрација:** Еден ден некој човек отишол во црква, а проповедникот стоел пред вратата и се поздравувал. Му подал рака на човекот и го повлекол настрана. Тој рекол: „Мора да се придружите на Господовата војска!" Човекот одговорил: „Пасторе, јас веќе сум во Господовата војска." Пасторот продолжил: „Па, зошто тогаш доаѓате во црква само на Божиќ и Велигден?" Човекот прошепотил: „Јас сум во тајната служба".

Дали сте достојни за доверба? Дали сте одговорни? Дали сте верен пријател? Едноставно, не можеме да се потпреме на некои луѓе. Тие не се одговорни во поглед на доаѓањето во црква, да стигнат на време на работа, да ја сработат работата, да бидат пријатели итн. Дали Бог ве смета за верни пријатели? Негови и на другите? 2. Тимотеј 2,13: „Ако не сме верни, Тој останува верен, бидејќи Сам Себе не може да се одрече".

За што станува збор во овој стих? Ако ние христијаните сме неверни во некои ситуации, мора да запомниме дека Бог е секогаш верен! Ако сме неуспешни, не значи дека и Тој ќе

биде неуспешен! Дури и кога не сме верни, Тој е! Дури и да не дојдеме, Тој ќе дојде! Иако не се молиме, Тој сепак слуша!

**Илустрација:** Една сиромашна жена во источен град му се пожалила на султанот дека крадци ѝ ги украле парите додека спиела. „Зошто спиеше?", прашал султанот. „Господару", одговорила таа. „Спиев затоа што мислев дека ти си секогаш буден".

БОГ Е ВЕРЕН. Ние секогаш можеме да му веруваме на нашиот Господ Бог. Секогаш. Затоа, ние мора да се молиме и да веруваме, знаејќи дека Тој ќе одговори. Матеј 7,7.8: „Посакајте и ќе ви се даде; барајте и ќе најдете; чукајте и ќе ви се отвори; зашто секој што моли, добива, и кој бара, наоѓа, и на оној што чука ќе му се отвори". Јаков 1,5.6 „Ако некому од вас му недостига мудрост, нека ја побара од Бога, Кој на сите им дава изобилно и без приговарање – и ќе му се даде. Но да моли со вера и никако да не се сомнева; зашто оној кој се сомнева, прилега на морски бран, кого ветрот го издига и растура". Овие два стиха се јасни: можеме да бараме од Бога и Тој ќе одговори, но мора да му веруваме!

**Илустрација:** Учениците на еден саботношколски час биле замолени да одат дома, да излезат во дворот таа вечер и да ги избројат ѕвездите, како подготовка за следната лекција од Библијата. Тие се вратиле со разни бројки. Некој рекол 100, некој 1000, некој милион. Едно момче не рекло ништо. „Па, колку ѕвезди изброи?", го прашал наставникот. „Три", одговорил тој. Учителот прашал: „Како можеше да видиш само три ѕвезди?" Момчето одговорило: „Мислам дека имам мал двор." Ни треба многу поголем двор, многу повеќе вера. Треба да веруваме во нашиот голем Бог и да веруваме дека Тој ќе одговори на нашите молитви, особено кога се молиме за нешто што ќе му донесе чест и ќе го прослави!

Треба да се молиме луѓето што ги повикуваме да одговорат на позитивен начин. Ние мора да се молиме и да веруваме дека Бог ќе го допре нивното и нашето срце.

**2. Ние мора да најдеме и донесеме**

**Илустрација:** Некој проповедник му се обратил на друг: „Мислам дека еден проповедник треба многу да се подготви за да проповеда во сабота наутро.“ Другиот проповедник рекол: „Не се согласувам. Многу пати немав идеја што да проповедам, а сепак излегов и проповедав. Тоа не е ништо!“

Првиот проповедник одговорил: „Во право си што мислиш дека не е ништо. Зборував со вашите ѓакони и тие го мислат истото за вашите проповеди“.

Браќа и сестри, што е потребно за да ги донесеме луѓето во црква? Проповеди кои мотивираат? Не е неопходно. Доброто проповедање е секако корисно, но не е „лек за сѐ“.

Мислам дека сѐ што правиме во нашата црква треба да се направи на најдобар можен начин. Не треба да бидеме перфекционисти, но треба да бидеме добри во сѐ што правиме: проповедање, поучување, пеење, поздравување итн. Ако дадеме сѐ од себе, луѓето ќе бидат привлечени да дојдат во црква.

Се разбира, ако луѓето не знаат ништо за црквата, тогаш како ќе бидат привлечени од неа?

Јован 1,40-42: „А еден од двајцата, што беа чуле за Исус и беа тргнале по Него, беше Андреј братот на Симон Петар. Тој прво го најде брата си Симона и му рече: ‘Го најдовме Месијата, што значи: Христос.’ И го одведе кај Исус. А Исус го погледна и му рече: ‘Ти си Симон, синот на Јован; ти ќе се наречеш Кифа, што значи: Петар’.“

Андреј го нашол својот брат Симон и го донел кај Исуса. И ние мора да ги најдеме луѓето и да ги донесеме во црква. Тоа е толку едноставно!

Каде ќе ги најдеме овие луѓе? Погледнете околу вас. Луѓето се насекаде. Секоја личност има далеку повеќе контакти отколку што мисли. Само помислете: членовите на семејството, пријателите со кои се дружите, соработниците, соседите, луѓе-

то кои доставуваат работи, поштарите, чистачите, касиерите, продавачите, луѓето во банка, луѓето на пазарите итн.

Мислам дека не е тешко да се најдат луѓе. Тешкиот дел се состои во тоа да имаме доволно одушевување да ги повикаме луѓето да дојдат во црква!

Андреј му рекол на Симон: „Го најдовме Месија!“ Мислам дека бил возбуден од откритието и сакал да го сподели со неговиот брат.

Кога сте одушевени од нешто, сакате да го споделите со другите. Мислам дека тоа е најтешкиот дел од канењето на луѓето во црква. Ако не ги каните луѓето да дојдат во црква, тогаш не сте многу одушевени.

Искрено, не знам како некој не може да биде доволно одушевен од Христа! Ако веруваме со сето свое срце дека Тој е Спасител и дека има вечен живот што ни го дава на располагање, тогаш зошто да не донесеме повеќе луѓе во црква? Треба да ги најдеме луѓето и да ги донесеме во црква и кај Исуса.

**3. Треба да се спријателуваме и да слушаме**

Мудри изреки 18,24: „Кој сака да има пријатели, и сам треба да биде дружељубив...“

**Илустрација:** Попладневното дружење на чај било мошне пријатно. Домаќинката ги обиколувала гостите, проверувала да не им е нешто потребно. Таа ѝ рекла на една жена: „Дали уживаш?“ „Да“, одговорила жената, „но јас уживам само во себеси!“

Како да се спријателиме со луѓето? Еден од сигурните начини на кои НЕМА да се спријателиме е да бидеме сосредоточени на себеси, егоцентрични. Луѓето кои се сосредоточени само кон себеси, нема да можат да освојуваат пријатели и да влијаат на другите.

Тешко е да се победиме себеси и да почнеме да покажуваме дека сме искрено заинтересирани за другите. „Јас“ е големата

пречка што мора да ја надминеме. Потребно е многу молитва, концентрација и труд. Ако не работите на тоа, тогаш тоа нема да се оствари. Ова исто така важи и за совладувањето на себичноста.

Еве како нема да се спријателите со луѓето: Немојте да се насмевнувате. Не слушајте ги другите. Не постапувајте како да ве интересираат другите. Не гледајте во луѓето. Мислете само за себе.

Како да се спријателиме со луѓето? Бидете свети, но не претерувајте. Бидете она што сте. Заборавете на себе и посветете се на другите. Слушајте. Изговарајте љубезни зборови.

**Мудри изреки 12,25:** „Тагата во срцето го притиска човекот, а добриот збор го развеселува".

**Мудри изреки 15,23:** „Пријатно е да се знае добро да се одговори. Колку добар е зборот изговорен во вистинскиот момент".

Луѓето во нашиот свет се гладни. Тие се гладни за внимание, за приврзаност и љубов. Тие се гладни за луѓе кои покажуваат искрена грижа за нив, а ние мора да го сториме тоа ако сакаме црквата да расте.

**Илустрација:** Хенри Новен, познатиот духовен писател, отишол во еден манастир на одмор. Монасите ги почитувале своите завети на молчење и овој одмор требало да се искористи за размислување и молитва. Но, Новен се задржал поради нешто и таа студена, дождлива ноќ тој пристигнал доцна во манастирот. Заѕвонил кога скоро сите си легнале, а еден монах го пречекал. Тој го поздравил срдечно, му го зел неговиот наводенет капут, го однел во кујната и му сварил чај. Тие разговарале долго и Новен почнал да се релаксира. Но, тој знаел дека овој монах треба да го исполни својот завет за молчење, па конечно го прашал: „Зошто си подготвен да седнеш и да разговараш со ме-

не?" Монахот одговорил: „Од сите должности на христијанската вера и од сите правила на мојот ред, ништо не е поважно од гостопримството".

3. Јованово 8: „Ние сме, пак, должни да примаме такви, за да станеме соработници со вистината".

**Заклучок**

Ние мора да сториме сè што можеме за да ги придобиеме луѓето за Христа и Неговата црква.

1. Мора да се молиме и да веруваме
2. Мора да ги најдеме и донесеме
3. Мора да се спријателуваме и да слушаме

Римјаните 10,1: „Браќа, желбата на моето срце и на мојата молитва кон Бога за Израел е за негово спасение". Која е твојата желба во животот? Немојте да одговорите на ова прашање премногу брзо!

Браќа и сестри, нашата најголема желба во животот треба да биде сите да го запознаат и вкусат Христа. Ве молам тоа да стане ваша желба, ваша цел во животот, затоа што сте следбеници на Исуса Христа.

*Сабота, 5 декември 2020*

## КАКО ДА СВЕДОЧИТЕ, И ДА УЖИВАТЕ ВО ТОА
## Јован 2,1-11.

**Вистинска приказна:** Таткото на едно девојче го спасил девојчето откако паднало во одвод за дождовница, а водата го водела по површината на подводен канал 46 метри, сè додека

не била исфрлена во реката. Тој раскажал дека девојчето не дишело кога го извлекол од водата.

Леона Бакстер, која имала 3 години, си играла во базен со вода кога исчезнала. Паднала во неоткриен дренажен канал и поминала 46 метри, сѐ додека не била исфрлена во реката.

Нејзиниот татко го здогледал палтото, кое личело на нејзиното, како лебди во реката.

Тогаш сфатил дека тоа е Леона.

Леона реагирала добро на првата помош и целосно закрепнала. Не слушаме толку добри вести секој ден. Духовно кажано, животот на многу луѓе паѓа во „дренажни канали“ и луѓето кои се дават не можат да се спасат. Неопходно е некој да ги спаси и да ги врати во живот.

Само ние имаме моќ да ги спасиме. Само Исус може да ги врати во живот. Тоа е добра вест.

Кој знае каде би биле денес да не беа луѓето што дојдоа да нѐ спасат или да ни ја донесат добрата вест што нѐ спасува?

Честопати зборуваме за вредноста на првата помош, како треба да знаеме и да имаме храброст да ја искористиме во итен случај. Особено кога некој е извлечен од вода или имал срцев удар, дали знаете што треба да направите? Дали некој би имал храброст да го стори тоа?

Можеби сте примениле прва помош и сте спасиле некого. Кога ќе се навратите на тоа, мило ви е што сте постапиле така. Откривате дека не е толку тешко како што сте мислеле дека ќе биде и сте ја добиле најдобрата награда кога сте сфатиле дека некој е жив поради вас.

Како христијани, имаме духовна порака со сила за спасение.

Знаеме дека Исус ни заповеда да го проповедаме.

Но, колку често стоиме на страна и не правиме ништо за да ги спасиме луѓето од духовната катастрофа затоа што, ка-

ко невешта личност за прва помош, не сме сигурни што треба да сториме за да им ја пренесеме пораката која може да ги спаси?

Читање од Светото писмо: Јован 2,1-11: „На третиот ден имаше свадба во Кана Галилејска и мајката на Исус беше таму. На свадбата беа поканети и Исус и Неговите ученици. А кога приврши виното, Му рече мајка Му на Исус: 'Им снема вино.' Исус ѝ рече: 'Што бараш од Мене, жено? Уште не дошол Мојот час.' Но мајка Му Негова им рече на слугите: 'Сè што ќе ви рече, направете!' А таму имаше шест камени садови за вода, поставени за миење, според јудејскиот обичај, што собираа по две до три мери. А Исус им рече: 'Наполнете ги садовите со вода!' И тие ги наполнија до горе. Па им кажа: 'Нацрпете сега и однесете му на старосватот!' И му однесоа. И кога вкуси старосватот од виното, што беше станало од вода - а тој не знаеше од каде е, но слугите, што ја беа донеле водата, знаеја - тој го повика младоженецот, и му рече: 'Секој човек најнапред го изнесува доброто вино, а кога ќе се поднапијат гостите, тогаш полошото; но ти си го чувал доброто вино до сега.' Така направи Исус почеток на Своите чуда во Кана Галилејска и ја покажа славата Своја; и учениците Негови поверуваа во Него."

**Теза:** Исус е нашиот основен пример за тоа како да сведочиме; односно како да ја објавуваме добрата вест.

Свадбите во еврејската традиција траеле седум дена цела седмица, а од младоженецот, како домаќин, се очекувало да обезбеди доволно храна и пијалак за тие седум дена. Но, на оваа свадба, тие доживеале голем проблем – немало повеќе вино!

Тоа претставувало голем срам, особено во еврејската култура од првиот век.

Марија, мајката на Исус, му се обраќа на Исуса. Исус одговара: „Што бараш од мене, жено?"

Тој овде вели дека она што се подготвува да го стори, нема никаква врска со барањето на членот на семејство. Тој ќе го стори тоа по своја волја.

Потоа им наредил на седумтемина слуги да полнат шест камени бокали со вода, кои обично се користеле за еврејското ритуално миење, и кога ги наполниле со вода до врвот, Исус им наредил да извлечат пијалок од нив и да му го однесат на кумот. Водата се претворила во вино.

Што направил Исус?

Прво, го видел големиот срам на ова семејство и ги спасил од тој срам. Но, тој дава и една изјава. Тоа не е само чудо, туку и знак.

Важноста на овој знак лежи во контрастот помеѓу ритуалното чистување со вода и богатото снабдување со вино.

Овде можеме да го видиме виното како симбол на крвта на Исуса Христа, која е единствената што може да ги очисти гревовите и богатата благосостојба како симбол на Божјата благодат.

Присуството и делата на Исус на свадбата им пренеле порака на луѓето. Исус ја објавувал добрата вест.

Што било карактеристично во начинот на кој Исус ја објавувал добрата вест?

### 1. Тоа било природно (Исус уживал во тоа)

Се прашувам чија венчавка била тоа? Сигурен сум дека Исус не отишол на таа венчавка само од чувство на должност. Исус дошол да ѝ оддаде почит на брачната двојка и да ужива во настанот, заедно со другите луѓе.

Евангелизмот и пријатните моменти не се некомпатибилни. Спротивно на тоа, Исус сведочел додека ја прославувал венчавката заедно со другите, кои ги нарекол свои пријатели.

Сведочењето на другите е природно ако живееме како христијани кога сме со нашите пријатели. Тие не можат да не ја забележат разликата во начинот на размислување, зборување и однесување. Сите наши активности во слободното време во кое уживаме заедно со другите кои можеби не се христијани, можат да станат најдобриот начин за објавување на добрата вест.

Изразувањето на нашата вера треба да биде природна работа. Постојат и помалку успешни, позатворени начини за проповедање на нашата вера.

Ако користите компјутер и сакате да одите на Интернет, тогаш една од работите што може најмногу да ве нервира се прозорците кои неочекувано се појавуваат кога ќе се обидете да отворите некоја страница. Гледате што ве интересира и потоа одеднаш се појавува нов прозорец од никаде. Вие не сте го барале тоа. Тој се појавува одеднаш и се обидува да ви продаде нешто или да добие нешто од вас.

Сведочењето може да биде такво. Никогаш не можете да знаете кај некои луѓе кога Исус одеднаш ќе се вмеша во разговорот. Пораката што луѓето можат да ја добијат е дека не сте заинтересирани за нив; дека сте се спријателиле само за да им продадете нешто, а во овој случај тоа е Исус. Можеби сте имале добри намери, но постојат многу подобри начини да зборувате за вашата вера отколку да се „вмешате“ среде разговорот.

Евангелизмот не определување на набавка, туку споделување на подарок. Евангелизмот е:

- пријателство наспроти агенда;
- приказна наспроти догма;
- царство наспроти живот по смртта;
- патување наспроти настан.

Што сакате да правите? Повикајте некој пријател да ви се придружи! Исусовиот начин на објавување на добрата вест не бил само природен...

**2. Тој бил духовен**

За Исусовото грижливо дело е прицврстена духовната порака. Само Исус можел да направи такво чудо. Но, во тоа имало порака. Како што веќе видовме, тоа не било само чудо, туку и знак.

Го гледаме Исуса како ја менува обичната вода за ритуално миење во вино што носи радост. Ова е премин од законот на благодатта; од сенката во реалноста. И Исусовите резерви, исто како и Божјата благодат, се изобилни.

Исус обрнувал внимание на потребите на луѓето. И тоа не е единствен пат.

**Пример:** жената кај изворот

Исус го видел животот на оваа жена. Тој видел дека таа нема доверба и дека ги избегнува другите бидејќи на бунарот дошла среде бел ден, а не во квечерина. Исус, преку Светиот Дух, го виде животот и потребите на оваа жена и ѝ го кажал она што само Бог може да го знае.

Светиот Дух исто така ќе ни даде увид во потребите на другите. Со молитва, обидете се да го усогласите вашиот живот со животот на вашите пријатели и замолете го Бога да ви открие како можете да им служите.

**Заклучок**

**3. Било успешно**

Јован 2,11 вели: „Така направи Исус почеток на Своите чуда во Кана Галилејска и ја покажа славата Своја; и учениците Негови поверуваа во Него“.

Христијанската вера може да биде неодолива. На крајот од оваа необична приказна го гледаме резултатот: „И ја покажа сла-

вата Своја; и учениците негови поверуваа во него“.

Што сакате да правите? Направете го тоа со вашите нехристијански пријатели. Дозволете им да го откријат Исуса преку вас.

## ДОДАТОК:
## ЕВАНГЕЛИЕТО НЕ Е ТАЈНА ШТО ТРЕБА ДА СЕ КРИЕ

**4. Солуњаните 2,1-4**

**„Вие сами знаете, браќа, дека нашето доаѓање кај вас не беше залудо; напротив, откако пострадавме и бевме поругани во Филипи, како што знаете, ние се охрабривме во нашиот Бог да ви Го проповедаме Божјото Евангелие со тешка борба. Зашто нашиот поттик не произлегува ни од заблуда, ниту од нечисти побуди, ниту од лукавство, туку, како што Бог нѐ удостои да ни Го довери Евангелието, така и зборуваме - не за да им угодуваме на луѓето, туку на Бога, Кој ги испитува срцата наши“.**

Во една мала црква на источноамериканскиот брег, по проповедта за несреќите на Холокаустот, човек со германско потекло, кој живеел во нацистичка Германија, го раскажал своето искуство: тој живеел во Германија за време на нацистичкиот холокауст. Себеси се сметал за христијанин. Тие слушале стории за тоа што им се случувало на Евреите, но се обиделе да се дистанцираат од тоа, бидејќи конечно, што можеле да сторат?

Зад нивната мала црква минувала пруга и секоја недела наутро можеле да се слушаат свирежи во далечината и тркала што минуваат по пругата. Се вознемирувале кога ќе слушнеле плач и извици што доаѓале од возовите што минувале. Тие

сфатиле дека станува збор за вагони кои превезуваат Евреи како добиток!

Знаеле кога возот ќе помине покрај нивната црква и кога би го слушнале свирењето, тие почнувале да пеат. И додека возот поминувал, црквата пеела на цел глас. Ако слушале плачење, тие пееле погласно и плачот повеќе не се слушал.

Годините минувале и никој повеќе не зборувал за тоа. Но, овој човек сè уште го слушал свирчето на тој воз во сон. „Боже, прости ми, прости ни на сите што се нарековме христијани, а не направивме ништо [...]"

Има околу нас луѓе кои се во слична ситуација, но нивната судбина е уште полоша; тие се на пат кон вечна смрт. Дали сте слични на оние германски христијани? Дали сакате само да го заборавите проблемот или сакате да направите нешто за да помогнете? Не треба да постои сомнеж за тоа што треба да направите ако сте христијанин, бидејќи постои само едно нешто што може да ги спаси луѓето од вечна пропаст: тоа е Евангелието.

Немаме тајна што треба да ја криеме, туку приказна што треба да ја објавиме.

Постапката на проповедање на евангелието се нарекува евангелизам или сведочење.

• Евангелизам е Божјиот писок. Тоа е очајниот плач на Исус над градот осуден на пропаст.

• Ова е извикот на Павле: „Зашто повеќе би сакал јас да бидам проклет и одвоен од Христос за браќата свои, моите сродници по тело" (Римјаните 9,3).

• Евангелизмот е молбата на Мојсеј изговорена од срце: „И сега прости им го гревот нивни; ако ли, пак, не, тогаш избриши ме и мене од книгата Твоја, во која си ме запишал" (2. Мојсеева 32,32).

• Тоа е крикот на Џон Нокс: „Дај ми ја Шкотска, или ќе умрам!“ Тоа е објавата на Џон Весли: „Светот е мојата парохија.“ Тоа е крикот на родителите во ноќта што плачат над изгубено дете.

Клучот за евангелизам е товарот за изгубените.

а) Постои причина за проповедање на евангелието (стих 1)

„Вие сами знаете, браќа, дека нашето доаѓање кај вас не беше залудо“ (1. Солуњаните 2,1).

Зборот „залудно“ зборува за она што нема вистинско значење и цел. Павле дошол кај нив затоа што и самиот верувал во Евангелието и навистина чувствувал дека луѓето во Солун се изгубени засекогаш без пораката на евангелието. Британскиот крал Џорџ V требало да одржи воведен говор на посебна конференција за разоружување, а тој говор бил пренесен на радио низ цела Америка. Кога преносот требал да започне, еден кабел се скинал во станицата во Њујорк, оставајќи повеќе од милион слушатели без звук. Еден млад механичар на радиостаницата, Харолд Вивиен, го решил проблемот со тоа што ги зел двата краја на кабелот и дозволил 250 волти електрична енергија да помине низ него. Тој бил живата алка што овозможила да се пренесе пораката. Ние сме врска меѓу Бога и оние кои не се обратени. Ние ја имаме Неговата порака и нам ни е речено да им ја однесеме на оние што треба да ја слушнат.

б) Постојат изговори за непроповедање на евангелието (**2.** стих)

Токму сега, веројатно смислувате причини да не сведочите.

„Напротив, откако пострадавме и бевме поругани во Филипи, како што знаете, ние се охрабривме во нашиот Бог да ви Го проповедаме Божјото Евангелие со тешка борба“.

Наспроти одрекувањето од празната служба, во првиот стих има служба во која мора да се надминат големи пречки или да се претрпи многу за да се објави Божјото евангелие“.

Неволјите на Павле во Филипи (Дела 16,19-24). Павловите неволји во Солун (Дела 17,5).

Можеби ќе речете: „Јас не сум како Павле. Не можам да сведочам така.“ Во право сте; не можете да сведочите на ист начин како Павле. Бог го создал секој од нас уникатен и затоа ни дал единствени способности да сведочиме.

Бог знаел што прави кога ве создал. Тој ги создал сите со уникатна комбинација на личност, темперамент, талент и потекло и сака да го користите за да допрете до другите на начин што одговара на вашиот склоп.

Размислете ги следниве шест личности од Новиот завет:

• Директниот пристап на Петар. Тој бил директен и храбар, веднаш минувал на суштината.

• Интелектуалниот пристап на Павле. Можел да биде директен, но исто така бил и мошне образован човек кој можел да даде длабоки размислувања од Светото Писмо, објаснувајќи и докажувајќи дека Исус е Христос.

• Пристапот на сведочење на слепиот човек. Човекот во Јован 9 глава не знаел многу за теологијата, но можел да каже: „Знам едно: бев слеп, но сега гледам“.

• Пристапот на повикот на жената Самарјанка. Оставајќи го бардето со вода на бунарот, жената во Јован 4 отишла во нејзиното село и ги повикала пријателите да дојдат и да го слушнат човекот што ѝ рекол сѐ што направила.

• Пристап на меѓучовечките односи на Матеј. Во Лука 5,29, Матеј приредил голем празник за своите собирачи на данок за да ги запознае со Исуса. Тој се потпирал на меѓучовечките односи што ги градел со овие луѓе и се обидувал и понатаму

да го пренесе нивното пријателство, поканувајќи ги во својот дом и користејќи ги неговите канали на пријателства за евангелизирање.

• Пристапот на Тавита кон услугата. Во Дела 9, наидуваме на жена која сведочела служејќи им на другите во името на Исус, правејќи облека за сиромашните и помагајќи им.

в) Нема срам во проповедањето на евангелието (стих 3)

„Зашто нашиот поттик не произлегува ни од заблуда, ниту од нечисти побуди, ниту од лукавство".

Павле смело ги повикувал луѓето да го примат Божјето евангелие од три причини.

Прво, Павле вели дека Евангелието нема свој извор во никаква измама или грешка".

Второ, тајната на Евангелието не е во нечистотата. Можеби изгледа чудно што Павле сметал дека е потребно да се отфрли сензуалноста, но успехот на паганските религии честопати се криел во нивното издигнување на неморалот.

Трето, Евангелието не доаѓа од лукави и нечисти мотиви. Павле ја сакал вистината затоа што не наметнувала лукавство за да убеди. Зборот лукавство може да значи и „мамка" и со тоа означува секоја лукава идеја или стапица. На евангелието не му треба лукавството.

Нема срамење во проповедањето на евангелието!

Човекот по име Џејкоб Коши пораснал во Сингапур со само една амбиција: да биде успешен во животот, да заработи многу пари и да стекне многу имот. Тоа го вовело во светот на дрогата и коцкањето, и тој конечно станал водач на меѓународна шверцерска мрежа. Во 1980 година, тој бил уапсен и сместен во владиниот затвор заради одвикнување од дрога во Сингапур.

Тој бил крајно очаен и изнервиран. Му се чинело дека сите негови цели, намери, соништа и амбиции биле заклучени со не-

го во малата ќелија, а неговото срце било полно со студена празнина.

Тој бил пушач, а цигарите не биле дозволени во затворот. Тој успеал да прошверцува тутун и го завиткал во страниците на Библијата што ја оставиле некои грижливи христијани. Еден ден заспал додека пушел. Кога се разбудил, открил дека тутунот изгорел, а останало само парче изгорена хартија. Тој го одвиткал а на него пишувало: „Савле, Савле, зошто ме прогонуваш?"

Јаков побарал друга Библија и ја прочитал целата приказна за преобратувањето на Савле на патот за Тарс. Одеднаш сфатил дека, ако Бог може да му помогне на некој како што бил Савле, тогаш може и нему да му помогне. Таму, во неговата ќелија, тој клекнал и се молел, барајќи од Исус да влезе во неговиот живот и да го промени. Почнал да плаче, и не можел да запре. Солзите на уништениот живот ја миеле неговата болка и Бог го слушнал. Тој почнал да го споделува своето искуство со другите затвореници и веднаш штом бил ослободен се вклучил во животот на една црква. Тој запозна христијанка, се оженил и сега е мисионер на Далечниот Исток, каде што им кажува на луѓето: „Кој би поверувал дека ја открив вистината пушејќи ги листовите на Божјата реч?"

г) Постои цел што Бог ја одобрува кога го проповедаме евангелието (стих 4)

„Туку, како што Бог нè удостои да ни Го довери Евангелието, така и зборуваме - не за да им угодуваме на луѓето, туку на Бога, Кој ги испитува срцата наши".

Кога Павле разбрал дека Бог дава одобрување, тој не ја насочил својата служба за да им угодува на луѓето, туку на Бога кој ги испитува срцата. Секогаш преставува искушение кога нашата порака да ја насочиме кон она што им е пријатно на

луѓето и нашите методи да ги сосредоточиме на она што нема да им пречи на кој било начин. Но, Павле не го сторил тоа.

Ние мора да го објавуваме вистинското Евангелие:

• Потребата за евангелието. Сите згрешиле.

• Исус е единствениот пат до Небото.

• Спасението се постигнува само со вера.

• Оператор на лифт во голема болница рекол: „Јас ум никој кој на сите им зборува за некој кој може да го спаси секого“.

Сведочењето е целата работа на црквата за сите векови. Евангелието не е нешто за што доаѓаме во црква да го слушаме, туку црквата да ја напуштиме за да го проповедаме Евангелието!

## ДОДАТОК:
## НАДЕЖ ЗА ОНИЕ КОИ СТРАДААТ

**Марко 2,1-11**

Живееме во свет полн со проблеми, каде напаѓаат тероризмот, земјотресите, пустошења и многу други работи. Владее страв, сомнеж и беззаконие. Сепак, и покрај сето тоа, на Бога му требаат мажи и жени кои се подготвени да ја поминат далечината, за да ги надминат тешкотиите со кои се соочуваат со вера во Неговото моќно име, да одат по патиштата и раскрсниците, да одат по долините и да им служат на потребите на луѓето.

Сè додека им служиме на потребите на луѓето, никогаш нема да бидеме неуспешни во објавувањето на Бога за да ги освоиме изгубените.

На светот денес му треба евангелие засновано на служба која се излева од Божјето срце кон изгубениот свет. Крајната

цел на секоја служба треба да биде освојување на изгубените и создавање ученици на Исуса Христа, или нема да успееме да ги најдеме во моментот на нивната најголема потреба. Бог, преку Својот Дух, ќе ни помогне да им служиме и да им донесеме надеж на оние кои страдаат.

**Текст: Марко 2,1-11:**

„По неколку дена, Тој пак дојде во Капернаум; и се чу дека е в куќи. Веднаш се собраа мнозина, така што и пред вратата не можеа да се сместат; а Тој им го објавуваше Словото. И дојдоа кај Него со еден фатен, кого го носеа четворица; па, бидејќи не можеа да се приближат до Него од народот, го открија и го пробија покривот од куќата, каде што беше Тој и ја спуштија постелката, на која лежеше фатениот. А Исус, кога ја виде нивната вера, му рече на фатениот: 'Синко, ти се проступваат гревовите твои!'" Таму седеа некои од книжниците и си помислија во срцата свои: 'Што хули Овој на Бога? Кој друг може да простува гревови, освен единиот Бог?' Исус, веднаш штом дозна со Својот дух дека тие така мислат во себе, им рече: 'Зошто го помислувате тоа во срцата свои? Што е полесно да му кажам на фатениот: ‚ти се проступваат гревовите', или да речам: ‚дигни се, земи ја постелката своја и оди'? Но за да знаете дека Синот Човечки има власт на земјата да ги простува гревовите' – му рече на фатениот – 'Тебе ти велам: стани, земи ја постелката своја и оди си дома!'"

Во тие денови постоеше голема возбуда во Капернаум. Тука бил новиот учител со зачудувачка сила. Самата помисла дека Тој е близу, правело да се слева големо мноштво. Тогаш се раширила вест дека Исус е во одредена куќа, и луѓето почнале да доаѓаат од сите страни во таа куќата што не можело повеќе ни да се приоѓа.

Одеднаш, додека Исус проповедал, се појавил звук. Некој почнал да прави дупка во таванот. Сите погледи со насочиле

кон таванот. Виделе како се прави отвор веднаш над Исуса. Потоа четворица луѓе спуштиле кревет на кој имал фатен човек.

Можете ли да ги замислите овие четири мажи; изгледот на нивното лице, како гледаат низ дупката за да видат што ќе стори Исус? Овие луѓе направиле сè што можеле; го донеле својот болен пријател кај Исуса. Сега тие верувале дека Исус ќе го стори она што само Тој може да го стори – да го излечи нивниот пријател.

Кога Исус ја видел нивната вера, се свртел кон фатениот човек и му рекол: „Сине! Ти се простуваат твоите гревови.“ Библијата нè потсетува: „Блазе на човекот кому Господ не му го припишува гревот и во чиј дух нема измама!“(Псалм 32,2).

Нешто веднаш се случило со тој човек. Кога Исус ќе ви ги прости гревовите, тој повеќе нема да ги спомне. Верските водачи си рекле:

„Што мисли, кој е тој? Тој нуди да му ги прости гревовите! Само Господ може да го стори тоа! На крајот на краиштата, овој човек не дошол за прошка, туку за исцелување.“ Видете, кога Бог прави нешто во нашиот живот, сатаната, најголемиот непријател на нашата душа, секогаш се обидува да внесе страв, сомнеж и збунетост.

Сфаќајќи за што размислуваат, Исус рекол: „Зошто така мислите во своите срца? Што е полесно? Да му се каже на болниот: „Ти се простуваат гревовите “ или: „Стани, земи си ја постелката и оди си! Но, за да знаете дека Синот човечки има моќ на земјата да проштава гревови, (и на болниот ќе му каже) „Тебе ти велам: стани, земи ја постелката своја и оди си дома!”.

Човекот станал, ја зел постелата и си заминал. Тоа бил славен момент, кој содржи многу лекции за нас денес.

**1. Прво, ги гледаме оние кои страдаат – во овој случај фатениот човек**

Никогаш нема да ја запознаеме големината на проблемите на луѓето кои страдаат, освен ако не се вклучиме во евангелизам заснован на служба. Кога ќе им подадеме рака на ранетите како што направи Исус, ќе можеме да ги придобиеме за Него.

Познатиот евангелист Били Греем еднаш, додека се подготвувал за евангелизација, им напишал на водачите на социјалната заедница барајќи список на луѓето кои страдаат за кои тој и неговиот тим можат да се молат. Водачите му испратиле телефонски именик. Сè додека им служиме на луѓето кои страдаат, нема да ни недостасува публика.

Во Матеј 25,34-36, Исус вели: „Тогаш Царот ќе им каже на оние што Му се од десната страна: ‚Дојдете, благословени од Мојот Отец; наследете го царството, подготвено за вас од почетокот на светот; зашто, гладен бев и Ми дадовте да јадам; жеден бев и Ме напоивте, странец бев и Ме примивте; необлечен бев и Ме облековте; болен бев и Ме посетивте; во затвор бев и дојдовте кај Мене.“

Во овие стихови Исус ги открива своите приоритети. Кои се вашите приоритети? Видете, христијанин е оној во кој живее Исус Христос. Дали си христијанин? Дали Исус Христос живее во твоето срце? Дали е тој Господ на твојот живот? Ако одговорите искрено и потврдно на овие прашања, Неговата грижа станува ваша грижа, а она што го крши неговото срце, ќе го крши и вашето.

На крајот, кога ќе се појавиме пред Бога, единственото нешто што ќе биде валидно е она што сме го направиле за Исуса. Исус вели, она што сме го направиле за најмалиот меѓу браќата, сме го направиле за Него: „Вистина, ви велам: доколку сте го направиле тоа за еден од овие Мои најмали браќа, за Мене сте го направиле.“

**2. Гледаме четворица мажи кои имале големо срце –четворицата мажи кои го довеле фатениот кај Исуса**

Колку што знаеме, тие биле обични луѓе. Не се споменува дека тие биле образовани теолози. За нив нема запис, единствено што знаеме е дека тие биле обични луѓе. Од ова можеме многу да научиме. Ако сакаме да ги задоволиме потребите на оние кои страдаат, важно е да се здружиме како обични луѓе.

Пред неколку години, еден проповедник зборувал пред група млади студенти по теологија. Еден од нив праша: „Која е најголемата грешка што сте ја направиле во службата?“ За неколку моменти проповедникот не можел да го најде одговорот. Направил толку многу грешки, па можел да ја издвои најголемата, си помислил.

Но, конечно добил одговор од Господа: „Најголемата грешка што некогаш ја направив е кога мислев дека сум единствениот во црквата што знае како се работи. Најголемиот чекор што некогаш го направив беше кога им доверив на другите обични луѓе да го прават она што ги повикал Бог да го прават“.

Нашата задача е да поучуваме, да обучуваме и да создаваме ученици, оние кои ќе бидат подготвени да го учат обичниот Божји народ. Забележете ги квалитетите на овие четири лица...

**а) Тие се полни со сочувство**

За време на една евангелизација, евангелистот Тони Камполо рекол:

„Денес и секој ден, 30.000 луѓе умираат од глад во овој свет во кој живееме. Најголемата трагедија е што на повеќето христијани не им е грижа за тоа“.

Тој додал: „На светот не му е важно колку знаеме сè додека не откријат колку нам ни е важно“.

Овие луѓе го покажале своето сочувство на дело, доведувајќи го фатениот човек кај Исуса. (Погледнете го и примерот на Милостивиот Смарјанец во Лука 10,25-37).

**б) Тие биле луѓе полни со убедувања**

Овие луѓе навистина верувале дека Исус може да ги задоволи потребите на еден фатен човек.

Прашањето е следно: дали верувате дека Исус може да ги исполни вашите потреби? Не само што верувам во чудесната моќ на Исус да лекува болни, туку исто така верувам и во неговата чудесна моќ да се грижи за бездомниците и за оние кои страдаат.

Библијата нѐ охрабрува со следниве зборови: „Мојот Бог, по Своето богатство, нека ја исполни секоја ваша потреба, за слава преку Христос Исус“ (Филипјаните 4,19).

Нашиот Бог е Бог на изобилство, Тој ќе ги исполни сите наши потреби, и сегашни и идни, но мора да му верувате со целото свое срце!

Луѓето често го поставуваат прашањето: дали можам да си го дозволам тоа? Тоа е погрешно прашање! Вистинското прашање е, дали е тоа Божја волја? И, ако тоа е Божја волја, тогаш ве уверувам, Бог може да си го дозволи тоа! Библијата вели: „Зашто Мои се сите горски ѕверови и добитокот по горите и говедата“ (Псалм 50,10). Како што ги облекува лилјаните во полето, како што се грижи за врапчињата, така Бог ќе се грижи и за вас. Мора да верувате во Него!

**в) Тие биле креативни луѓе**

Кога стигнале до куќата и виделе дека не можат да влезат поради големиот број луѓе, не се обесхрабриле. Тие не се вратиле назад. Наместо тоа, отишле до покривот, направиле дупка во него и го спуштиле човекот пред Исуса. Ако сакаме да ги придобиеме изгубените и оние кои страдаат за Исуса, то-

гаш и ние мора да бидеме креативни затоа што сме создадени според Божјиот лик.

Ефешаните 2,10: „Зашто ние сме Негова творба, создадени во Христос Исус за добри дела што Бог ги предодредил уште од порано да живееме во нив.“

Од нас се бараат две работи:

1. Мораме да бидеме подготвени да направиме нешто ново;

2. Мораме да бидеме подготвени да направиме некои стари работи и тоа извонредно добро.

Без креативност, без да се применат нови работи, без да се вршат старите работи на невообичаено добар начин, никогаш нема да ги придобиеме за Христа оние кои страдаат. Бог е креативен; и неговите следбеници мора да бидат креативни. Бидете креативни за Исуса.

**г) Тие биле луѓе што сакат соработка**

Четворицата се собрале; тие заеднички го делеле товарот додека го носеле заробениот кај Исуса. Заедно се грижеле за него и заедно го виделе чудото што го направил Исус. Бог би можел да ги искористи поради нивната соработка и обединета вера. Бог користи обични луѓе како тебе и мене.

Понекогаш забораваме дека нашите браќа и сестри во Христа не се непријатели. Во своето послание до Ефесјаните, Павле нè потсетува: „Зашто нашата борба не е против крв и тело, туку против началствата, против властите, против световните управители на темнината од овој век, против поднебесните духови на злобата.“

Итноста во моментот бара единство на обичните мажи и жени кои заедно се трудат да ги придобијат изгубените за Исус!

**3) Трето, во толпата гледаме луѓе кои претставуваат препреки**

Куќата била преплавена со луѓе. Овие луѓе немале намера да претставуваат пречка. Тие не сакале да бидат проблем. Но, во овој случај, четворицата мажи морале да ги обиколат за да дојдат до Исуса.

Во секоја заедница има луѓе кои страдаат. Во секоја црква има луѓе со големи срца. Но, во секоја црква имаме и такви кои претставуваат пpепрека. Имаме такви кои стојат меѓу Исуса Христа и луѓето што страдаат.

Знам многу христијани кои станале камен на сопнување и за себе и за другите. Но, ние никогаш нема да ги придобиеме луѓето за слава на Бога, освен ако не го откриеме она што Павле го нарекува „подобар начин“.

Во 1. Коринќаните 13,1-3 пишува:

„Да зборувам на сите човечки јазици, па дури и на ангелски, штом љубов немам, ќе бидам бакар, што ѕвони, или кимвал, што ѕвечи. Да имам пророчки дар и да ги знам сите тајни, да го имам сето знаење, а и така силна вера, што и планини да преместувам, - ако љубов немам, ништо не сум. И да го раздадам целиот свој имот, да го предадам телото да ми изгори, штом љубов немам, ништо не ми користи.“

**4) Четврто, го гледаме лекарот Исус Христос**

Имам прекрасна вест за вас: Исус е жив и здрав! Црквата е жива и здрава! Открив дека секое место е добро ако Бог е присутен во него. Секој обичен човек може да служи ако Бог е во тој обичен човек.

Многумина денес би рекле: „Ништо значајно не може да се случи во една обична личност.“ Се очекува некој да има завршено високо образование за да постигне нешто значајно. Ми рекоа дека луѓето нема да те слушаат ако немате високо образование. Тоа не е точно, Исус користел обични луѓе,

рибари и неуки, кои подоцна направиле невиден пресврт во светот.

Но, сакам да го повторам ова: секое место е добро ако Бог е присутен во него. Секој обичен човек може да служи ако Бог е во тој обичен човек.

Бог ни го довери светот што страда. Што правите вие во врска со тоа?

Запомнете дека и јас и вие сме со светлината на светот.

Кога ќе погледнеме во нашите раце, што гледаме?

1. Дали гледаме зафатени раце, премногу зафатени за да допрат до сиромашните?

2. Дали гледаме валкани раце, премногу грешни за да бидат корисни за Исуса?

3. Дали гледаме чувствителни раце, премногу фини за да посегнат по изгубените?

4. Дали гледаме невнимателни раце премногу рамнодушни за да ја реализираме нашата одговорност?

Се молам и се надевам дека не е слушање. Мојата молитва е сите да ги видиме рацете што служат од љубов што се излева од срца во кои живее Исус Христос.

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**
**4/2020**

**Мисионски проповеди**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската
адвентистичка црква, црква на адвентистите на
седмиот ден во Р. Македонија

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**Адреса:**
Ул. „Влае“ бр. 42
1000 Скопје

www.adventisti.org.mk

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**